Општина Прилеп
Локална самоуправа

Municipality of Prilep
Local government

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) , Секретарот на Општина Прилеп донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас**

1.По јавниот оглас оглас бр.184/2025 објавен на 23.04.2025 во дневните весници Вечер, Слободен печат, Коха за вработување на административни службеници во Општина Прилеп се избира :

- **Кандидатот со идентификациски код E60121F, Снежана Наумоска** за работно место бр.01 од јавниот оглас, **УПР0101Г01000, Самостоен референт-технички секретар на градоначалник, Одделение за поддршка на градоначалник и поддршка на совет, Сектор за поддршка на градоначалник, поддршка на совет и јавни дејности.**

2.Именуваната ќе биде вработена на работното место од став 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 23.04.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.184/2025 за вработување на административен службеник во Општина Прилеп. Со Решение бр.10-817/3 од 24.04.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-817/4 од 08.05.2025 година. На 23.05.2025 година донесено е Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-817/5 од 23.05.2025 година.На ден 28.05.2025 година спроведен е испит за административен службеник Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-817/6 од 28.05.2025 година. На ден 29.05.2025 година спроведена е проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-817/7 од 29.05.2025 година. Од доставениот предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 184/2025,бр.10-817/8 од 29.05.2025 и конечната ранг листа, Секретарот на Општина Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Бр. 04-1266/10
04.06 2025 год.
Прилеп

СЕКРЕТАР
на Општина Прилеп
Марјан Матракоски

Републикa Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

Доставено до:
- Избраниот кандидат,Агенција за администрација (2)
-Архива и Одделение за човечки ресурси

Изработил: Маре Наумоска
Одобрил: Александра Кокароска